## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 74 став (12) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА, НАЧИНОТ НА ЗАПИШУВАЊЕ, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И БРИШЕЊЕ ВО ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината, начинот на запишување, потребната документација и бришење во евиденцијата на земјоделски задруги.

Член 2

(1) Евиденцијата на земјоделски задруги се води во електронска форма.

(2) Формата и содржината на евиденцијата на земјоделски задруги од став (1) на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Запишувањето во евиденцијата на земјоделски задруги се врши врз основа на поднесено барање од земјоделска задруга до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството) во рок од најмногу 15 дена од денот на приемот на барањето.

(2) По приемот на барањето од ставот (1) на овој член од страна на овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за запишување во евиденцијата на земјоделски задруги се прибавува следната потребна документација:

- Потврда за тековна состојба на субјектот од Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица;
- Решение за запишување на земјоделското стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства за секој член на земјоделската задруга поодделно и
- Статут на земјоделската задруга.

(3) Потребната документација од ставот (2) на овој член се прибавува од овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за запишување во евиденцијата на земјоделски задруги од електронските системи на Централниот регистар на Република Северна Македонија и Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

(4) Доколку податоците од барањето од ставот (1) на овој член и од потребната документација од ставот (2) на овој член не постојат во електронските системи на Централниот регистар на Република Северна Македонија и Единствениот регистар на земјоделски стопанства барањето се одбива како неосновано.

(5) Евиденцијата на земјоделски задруги, како и барањето и потребната документација се чуваат во посебна папка во електронска форма.

(6) Податоците во евиденцијата на земјоделски задруги се ажурираат од страна на овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за запишување во евиденцијата на земјоделски задруги по службена должност на секои 90 дена или на барање на заинтересирана страна.

(7) Евиденцијата на земјоделски задруги е јавно достапна на интернет страницата на Министерството.

Член 4

Доколку при вршењето на проверката за ажурирање на податоците од член 3 став (6) од овој правилник од страна на овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за запишување во евиденцијата на земјоделски задруги се утврди дека земјоделската задруга не ги исполнува условите за да биде запишана во евиденцијата на земјоделски задруги во однос на минималниот број на членови, деловниот статус, запишувањето во Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица, како и вршењето на дејноста, во тој случај земјоделската задруга се брише од евиденцијата на земјоделски задруги.

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 18-4580/1
7 април 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

Прилог

Евиденција на земјоделски задруги

| ЕВИДЕНЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Назив на земјоделската задруга | | | | |
| Седиште на земјоделската задруга | | | | |
| Единствен даночен број на земјоделската задруга | | | | |
| Единствен матичен број на субјектот на земјоделската задруга | | | | |
| Приоритетна дејност на земјоделската задруга | | | | |
| Име и презиме на овластени лица на земјоделската задруга | | | | |
| Контакт податоци на земјоделската задруга | електронска пошта: | | тел: | |

СПИСОК НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

| Реден број | Назив на земјоделската задруга | ЕМБС | Број на членови | Број на млади земјоделци | Број на жени | Дали е овластеното лице жена | Број на органски производители | Вкупна површина на земјоделски имот во m2 | Категорија на сточарско производство | Вкупен број на животни по категорија | Датум на основање на земјоделската задруга |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

ГОДИШНИ СМЕТКИ

| Реден број | Назив на земјоделската задруга | Вкупно приходи по години |
|---|---|---|